# Светска Банка – Партнерство со Република Македонија
# Слика на програмата на земјата

## Април 2014 година



# СКОРЕШЕН ЕКОНОМСКИ И СЕКТОРСКИ РАЗВОЈ

## Раст и надворешна успешност

**Република Македонија е мала, отворена економија во југоисточна Европа.**[1] Како континентална земја со население од само 2 милиони жители, Република Македонија беше третата најсиромашна земја од сите земји во југоисточна Европа во 2013 година. Трговијата претставува важен дел од економијата во споредба со земјите во регионот, со удел на трговијата во БДП од 112 проценти во изминатата деценија. Од 1995 година, курсот на националната валута е врзан за еврото, со што успешно се поддржува ценовната стабилност. Инфлацијата, во просек, изнесуваше 2,5 проценти во изминатите 10 години. Народната банка на Република Македонија (НБРМ) реагира брзо и одлучно на сите можни закани брз девизниот курс. Освен тоа, владата спроведе важни структурни реформи во изминатите неколку години, вклучувајќи намалување на регулаторното оптоварување и намалување на бирократијата, подобрување на царинската администрација и воведување на рамен данок на лични приходи и на добивка. Во 2013 година, Република Македонија беше меѓу најуспешните 10 реформатори според *ДуингБизнис* на светско ниво.[2]

**Растот на реалниот БДП во Република Македонија беше под просекот за југоисточна Европа во текот на изминатата деценија, но сепак го фати чекорот во минатите неколку години** (слика 1а). Помеѓу 2002 и 2013 година, реалниот раст во Република Македонија беше 3,1 проценти, во споредба со 3,5 проценти во другите земји во југоисточна Европа. До 2008 година нејзиниот раст беше еден од најниските во регионот, но оттогаш ги надмина најголем дел од останатите земји во регионот. Во екот на глобалната финансиска криза, економијата на Република Македонија се намали за 0,9 проценти во 2009 година, со драстичното намалување на извозот и намалувањето на приливот на приватен капитал. Растот на реалниот БДП достигна 2,9 проценти во 2010 година и 2,8 проценти во 2011 година. Економијата повторно влезе во мала рецесија во 2012 година (и се намали за 0,4 проценти) во екот на повторното интензивирање на европската криза и придружното остро опаѓање на побарувачката за увоз, меѓутоа импулсот почна да заздравува во втората половина на годината. Реалниот раст на БДП за 2013 година достигна 3,1 проценти, главно поради напливот на градежни активности, во најголема мера како резултат на јавните инвестиции со кои владата спроведе значителна фискална стимулација за придвижување на економијата. Растот на БДП за 2014 година е проектиран да достигне 3.0 проценти.

**Слика 1. Приказ на растот**

**а. Споредба на реалниот раст на БДП помеѓу земјите**




*Извор*: Пресметки на авторот врз основа на *Светските развојни показатели на Светска Банка* (СРП).

**б. Состав на побарувачката (во % поени)**[3]




*Извор*: Р. Македонија, Државен завод за статистика.

[1] Југоисточна Европа тука се однесува на Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Република Македонија, Црна Гора и Србија.

[2] Според извештајот *ДуингБизнис* на Светска банка, Република Македонија ја подобрила својата „оддалеченост од границата“ од 57,2 во 2005 година на 74,12 во 2013 година (каде 100 е најдобрата можна вредност). Во 2013 година, беше на 25 место на светско ниво во смисла на тоа колку е лесно да се води деловен потфат, со што се најде помеѓу најдобрите економии за водење на деловни потфати во Европа, веднаш зад нордиските земји, Ирска и Германија.

[3] Бруто инвестициите за 2013 вклучуваат разлики во промените во инвентарот поради билансирање, како што е објавено од страна на ДЗС

**И покрај силната домашна содржина, растот на БДП во изминатата деценија не придонесе кон создавање на голем број работни места.** Вработувањето се намали помеѓу 2002 и 2004 година, и покрај подобрувањето на реалниот раст на БДП, и повторно почна да расте дури од средината на оваа деценија. И покрај скорешните скромни подобрувања, севкупното ниво на невработеност и понатаму е високо на ниво од 29 проценти во 2013 година. Република Македонија има една од најниските стапки на вработување во регионот на Европа и централна Азија. Слабите исходи на пазарот на трудот се концентрирани кај одредени групи, особено жените и постарите работници. Сепак, во однос на другите земји од југоисточна Европа, Република Македонија се соочува со поголемо заздравување на вработувањето по кризата и успеа да ја намали стапката на невработеност побрзо отколку другите земји во регионот.

**Економскиот раст и подобрувањата во вработувањето во изминатите години не беа преточени во значително намалување на сиромаштијата во Република Македонија.** И покрај предизвиците поврзани со податоците во однос на следењето на сиромаштијата во Република Македонија во изминатиот период, сепак доказите укажуваат на тоа дека апсолутната сиромаштија базирана на потрошувачката, помеѓу 2003 и 2008 година (Анкета на потрошувачка на домаќинствата) се зголеми од 8 на 9 проценти доколку се употреби регионална линија на сиромаштија од 2,5 УСД на ден, односно од 33 проценти на 37 проценти доколку се употреби регионална линија на сиромаштија од 5 УСД на ден. Во истиот период, официјалните статистички податоци[4] за релативната сиромаштија, во најголема мера останаа непроменети на околу 30 проценти. Новата Анкета на приходите и условите за живеење (АПУЖ), спроведена за 2010 и 2011 година, исто така покажува дека сиромаштијата е во голема мера непроменета на ниво од 27,3проценти? во 2010 година и 27,1 проценти во 2011 година.[5]

**Не е подобрена ниту благосостојбата на најсиромашните 40 проценти од населението.** Растот на потрошувачката на најниските 40 проценти – показател на Светска банка за новата институционална цел односно промовирање на заедничкиот просперитет – се намали за 1,5 проценти годишно во периодот помеѓу 2003 и 2008 година, додека просечната потрошувачка порасна за 1,1 проценти. Кривите на настанување на растот покажуваат дека оние на врвот на дистрибуцијата се стекнале со значително поголеми придобивки. Иако не може да се направи директна споредба, сепак податоците базирани на приходите за 2010 и 2011 година покажуваат мало намалување на севкупниот приход кај сите групи на населението, кое е поистакнато на најниските 40 проценти.

**Трендовите на намалувањето на сиромаштијата и заедничкиот просперитет се чини дека најмногу зависат од движењето на економскиот раст во Република Македонија, заедно со помалата способност на сиромашните односно лицата чија материјална состојба е помалку добра, да придобијат од можностите кои се нудат.** Прво половина од новите работни места создадени помеѓу 2007 и 2011 година отидоа кај луѓе со терциерно образование. Со оглед на тоа дека сиромашните и најниските 40 проценти се најмногу застапени кај неквалификуваната работна сила, можностите за генерирање на приходи за овие групи на луѓе се чини дека се ограничени. Второ, преостанатите работни места се главно создадени во неформалниот сектор и кај нив потенцијалот за заработувачка е ограничен. Освен тоа што немаат доволно вештини кои би им овозможиле да придобијат од можностите за вработување, најниските 40 проценти од населението во Република Македонија се соочуваат со дополнителни пречки и негативна стимулации за работа кои се поврзани со оданочувањето на трудот и социјалната заштита и кои особено влијаат на лицата со ниски примања.

**Растот на извозот се забрза во 2013 година бидејќи во изминатите години Република Македонија оствари поголем степен на диверзификација на својот извоз, како во смисла на производи така и во смисла на дестинации.** Растот на извозот достигна ниво од 6,6 проценти во 2013 година, што во најголема мера се должи на зголемувањето на извозот поврзан со странски директните

[4] Мерено на ниво од 70 проценти од средната потрошувачка

[5] Овој показател, наречен население под ризик од сиромаштија, е измерен на ниво од 60 проценти од средниот изедначен приход, исто како и во земјите од Европската Унија.

инвестиции (СДИ). Најголемиот дел од извозот на СДИ е поврзан со автомобилската индустрија и вклучува стоки како што се катализатори и електронски компоненти за инструмент табли. Тутунските производи, свежиот зеленчук и мебелот исто така значително придонесуваат за растот на извозот. За разлика од тоа, намалено е значењето на железото, челикот и облеката, производите кои традиционално се извезувале од Република Македонија.[6] Во 2008 година, само шест производи придонесоа за приближно 70 проценти од вкупниот извоз. До 2013 година, оваа бројка за зголеми на 12. Зголемено е значењето на пазарите во развој какви што се Кина и Турција. Извозот во Германија порасна повеќе од двапати во смисла на БДП во изминатите шест години, односно се зголеми од 14,2 проценти во 2008 година на 29,4 проценти во 2012 година. Извозот во Германија дополнително се зголеми на 35,9 проценти во 2013 година главно поради извозот поврзан со СДИ (слика 2а). Во исто време, во 2013 година уделот на извозот во Грција се зголеми за прв пат од 2008 година, а извозот во Бугарија и понатаму се зголемува две години по ред. Од друга страна, извозот во Косово и Србија и понатаму се намалува трета односно четврта година по ред. Извозот во Италија исто така се намали.

**Иако земјата успешно привлекува СДИ од висок профил, сепак недостасуваат повратните спреги за поттикнување на развојот на локалната економија.** Помеѓу 2006 и 2013 година, нето СДИ во просек изнесуваа 4,4 проценти од БДП, што е сепак значително под регионалниот просек од 6,4 проценти од БДП во истиот временски период. Иако СДИ значително придонесуваат за растот на извозот, сепак повратните спреги со локалните компании се многу ограничени, што ги ограничува придобивките за вработување и другите ефекти од СДИ

**Дефицитот на тековната сметка се намали во 2013 година.** И покрај силниот раст на извозот, Република Македонија бележи постојани дефицити на тековната сметка**,** главно поради високото ниво на увоз на нафта и електрична енергија и високиот удел на увозната компонента во извозните стоки.[7] Дефицитот на тековната сметка се прошири од 2,1 процент во 2010 година на 3,1 проценти во 2012 година

**Слика 2. Приказ на извозот**

**а. Извоз (во % од БДП)**




*Забелешка:* Економиите во развој се: Кина, Русија, Турција, Индија и Бразил

**б. Финансирање на тековната сметка (во % од БДП)**




*Забелешка*: Пресметките за 2013 година се направени со помош на проценките за БДП.

*Извор*: НБРМ, Државен завод за статистика на Република Македонија и пресметки на персоналот на Светска банка.

(слика 2б), со влошувањето на состојбата со трговскиот дефицит односно зголемувањето на дефицитот од 20,5 проценти од БДП во 2010 година на 23,6 проценти од БДП во 2012 година. Сепак, нагласената успешност на извозот во 2013 година и слабата побарувачка за увоз доведоа го намалување на дефицитот на тековната сметка и трговскиот дефицит на ниво од 1,9 проценти од БДП односно 20,6 проценти соодветно, во таа година. Постојаните големи трговски дефицити се финансирани од страна на приватни трансфери, кои се зголемија од 18,9 проценти од БДП во 2010 година на 20,7 проценти од БДП во 2012 година, пред малку да се намалат

---

[6] Металуршката индустрија сочинуваше повеќе од 25 проценти од сите извози во изминатата деценија.

[7] Скоро 40 проценти од извезената вредност на железото и челикот, најзначајната стока извезувана од Република Македонија, е увезена.

во 2013 година кога достигнаа ниво од 19,5 проценти. Ваквото потпирање на приватни трансфери ја изложува Република Македонија на надворешни ризици кои би можеле да се ублажат со зголемување на СДИ, подобрување на врските помеѓу странските фирми и домашните добавувачи, намалување на увозот на енергија и зајакнување на конкурентноста на земјата.[8]

**Покриеноста со девизни резерви на Република Македонија е стабилна, а инфлацијата и понатаму е на ниско ниво и се намали во текот на 2013 година.** Резервите се на едно удобно ниво над четири месечен увоз, од 2009 година до денес. Иако резервите малку се намалија во 2013 година, тоа најмногу се должеше на намалувањето на цените на златото и со тоа на валоризацијата на златото во резервите. И покрај тоа, резервите на крајот од 2013 година беа доволни за покривање на 4,4 месечен увоз. Земјата ја одржува стабилноста на цените во текот на изминатата деценија, со тоа што инфлацијата во просек изнесуваше 2,5 проценти во периодот од 2002 до 2012 година. Во 2013 година инфлацијата дополнително се намали на 2,8 проценти во споредба со 2012 година кога достигна ниво од 3,3 проценти и 2011 година кога достигна 3,9 проценти. Намалувањето на цените на храната и домувањето (особено во втората половина на 2013 година) беше главна причина за намалувањето на инфлацијата. Очекувањата за 2014 година се дека инфлацијата ќе достигне 2,5 проценти во просек.

[8] Владата на Република Македонија спроведува активна стратегија за привлекување на СДИ. Нето СДИ достигнаа ниво од 6,5 проценти во 2008 година и малку се намалија во текот на 2009-2011 година. Во 2012 и 2013 година, земјата можеше да привлече важни инвестиции од втора генерација на веќе етаблирани компании. Иако СДИ значително придонесоа за растот на извозот, повратните врски се сепак слаби. Ова се очекува да се промени со тоа што беа воспоставени нови странски операции во 2013 година (а се очекуваат повеќе во 2014 година) кои би требало да имаат посилни врски со локалната економија.

**Слика 3. Покриеност со девизни резерви и инфлација**

**а. Покриеност со девизни резерви**




**б. Инфлација**




*Извор*: НБРМ, Државен завод за статистика на Република Македонија и пресметки на персоналот на Светска банка.

**Растот се очекува да забрза на среден рок, како резултат на зголемувањето на јавните инвестиции и одржувањето на растот на извозот.** Реалниот раст на БДП достигна ниво од 3.1 проценти во 2013 година и се очекува да достигне 3,0 проценти односно 3,5 проценти во 2014 односно 2015 година. Надворешно финансираните јавни инвестиции исто така се проектирани да се забрзаат, што ќе го поддржи растот, но ќе доведе до зголемување на дефицитот на тековната сметка на среден рок. За во иднина, особено е важно јавните инвестиции да бидат насочувани во сектори каде би можеле да имаат повеќекратни ефекти, вклучувајќи ги тука и оние кои ја обезбедуваат потребната инфраструктура за промовирање на приватни инвестиции и создавање на работни места

## Фискална успешност

**Фискалната политика на ширење по периодот на кризата доведе до проширување на фискалниот дефицит кое продолжи и во текот на 2013 година.** Приходите се намалија за повеќе од 3 проценти од БДП помеѓу 2008 и 2011 година,

што одразува не само ослабување на економската активност, туку и одлука на јавните политики да се намали даночното оптоварување (главно данокот на добивка и персоналниот данок на доход) и придонесите за социјално осигурување со цел да се зголеми конкурентноста. Владата донекаде го надомести ова со намалување на расходите (од 34,1 проценти од БДП во 2009 година на 32,3 проценти во 2011 година), меѓутоа фискалниот дефицит сѐ уште се проширувашe од 0,9 проценти од БДП во 2008 година до 2,5 проценти во 2011 година. Понатамошното влошување на дефицитот беше запрено за сметка на акумулирањето на заостанати обврски на буџетот во однос на поврат на данокот на додадена вредност (ДДВ), како и во однос на исплати за стоки и услуги. Владата почна да ги чисти овие заостанати обврски во септември 2012 година, а до крајот на февруари 2013 година ги расчисти сите преостанати обврски за плаќање[9] со исклучок на обврските за плаќање во здравствениот сектор. Сепак, пониските приходи од очекуваните (како резултат на повратите на ДДВ извршени во февруари 2013 година и поднесувањето на расходите за изборите во април 2013 година) и зголемените расходи за пензии и субвенции доведоа до ребаланс на буџетот и зголемување на дефицитот од 3,5 проценти на 4,1 проценти од БДП.

**Владата исто така презема мерки за зајакнување на управувањето со јавните финансии со цел да спречи повторно настанување на заостанати обврски.** Мерките преземени кон крајот на 2012 година и во почетокот на 2013 година вклучуваа измени на *системскиот Закон за буџет* и измени на *Прирачникот за трезорско работење.* Освен тоа, владата го ажурираше трезорскиот информационен систем со можност за внесување и следење на повеќегодишните обврски. Новиот систем беше воведен во јануари 2014 година. Освен тоа, во декември 2013 година, заедно со буџетот за 2014 година, беше презентирана и среднорочна фискална стратегија, која предвидува постепена фискална консолидација.

[9] Преостануваат одредени обврски на централната влада во здравствениот сектор, кои се проценуваат дека изнесуваат околу 0,5 проценти од БДП на крајот од 2013 година. Владата презема мерки за намалување на овие обврски и спречување на нивното акумулирање

**Во исто време, владата одлучи да пренесе одредени капитални расходи вон буџетот, со што се усложни фискалното управување и се ослаби транспарентноста.** Во јануари 2013 година, владата пренесе голем дел од проектите за патната инфраструктура вон буџетот со тоа што го претвори поранешниот Фонд за патишта во Јавно претпријатие за државни патишта (ЈПДП), кое претставува непрофитабилен субјект кој може да се задолжува меѓутоа е поддржано со државна гаранција. При формирањето ЈПДП донесе долг од 82 милиони ЕВРА (1,1 процент од БДП), меѓутоа ова се предвидува брзо да се зголеми на краток рок бидејќи ЈПДП спроведува она што во основа претставува инвестиционен план на владата.

**Долгот на централната влада на Република Македонија и понатаму е умерен, меѓутоа вкупниот долг на јавниот сектор се предвидува брзо да се зголемува како што претпријатијата во државна сопственост (ПДС) ќе преземат значителен дел од инвестициските трошења.** Бруто долгот на централната влада, како дел од БДП се зголеми од 20,7 проценти во 2008 година до 35,8 проценти до крајот на 2013 година. Ова остро зголемување во изминатите пет години во голема мера се должи на зголемувањето на фискалниот дефицит и негативниот економски раст во 2012 година и беше, во најголем дел, финансирано преку домашни задолжувања. Долгот на јавниот сектор, на крајот на 2013 година изнесуваше 43,2 проценти од БДП. Меѓутоа, долгот на јавните претпријатија се проектира да се зголеми од 6,2 проценти од БДП на крајот од 2013 година до 15,4 проценти до 2018 година за сметка на планираните задолжување на ЈПДП и другите претпријатија во државна сопственост за потребите на финансирање на амбициозниот план на инфраструктурни и други инвестициски проекти. Ова ќе го донесе вкупниот долг на јавниот сектор до ниво од 51 процент во 2018 година. Долгот на општините се проектира да остане стабилен на занемарливото ниво од 0,1 процент од БДП.

## Монетарен и финансиски сектор

**Банкарскиот сектор е стабилен, меѓутоа нефункционалните кредити (НФК) е зголемуваат а кредитниот раст и понатаму е слаб.** Во рамките на банкарскиот сектор во Република Македонија доминираат три големи банки, кои контролираат 61 процент од

банкарските средства. Во текот на 2013 година, средните и малите банки добија поголем дел од пазарот за сметка на трите големи банки и сега контролираат 39 проценти од сите средства, во споредба со 30 проценти на крајот на 2012 година. Две од трите големи банки се во сопственост на родителски банки во Грција и Словенија кои се соочуваат со потешкотии на ниво на банките родители, што може да има влијание врз работењето на нивните локални подружници. Сепак, сите банки во сопственост на странски субјекти во Република Македонија работата како самостојни подружници во согласност со домашната регулатива и супервизија, и имаат сопствени биланси на состојба. Освен тоа, Народната банка и понатаму спроведува мудра надзорна политика, вклучувајќи и полугодишни стрес тестови.

**Кредитниот раст се намалуваше во текот на поголемиот дел од 2013 година и почна да се зголемува дури во последниот квартал на годината. Нефункционалните кредити и понатаму се високи, меѓутоа депозитите се во пораст.** Кредитниот раст почна да се намалува од средината на 2012 година и се намалуваше до септември 2013 година поради тоа што корпоративните кредити остро се намалуваа и достигнаа историски ниско ниво од 0,4 проценти во септември 2013 година пред да се зголемат на 3,7 проценти кон крајот на 2013 година. Кредитите во домаќинствата, од друга страна, се зголемија во 2013 година, достигнувајќи 10,3 проценти до крајот на годината. Корпоративните нефункционални кредити исто така се зголемуваат во текот на 2013 година и достигнаа историски највисоко ниво од 16,0 проценти во ноември, пред да се намалат на 14,8 проценти на крајот од годината. Севкупно, нефункционалните кредити изнесуваа 11,3 проценти на крајот на 2013 година. Растот на депозитите од друга страна достигна 6,1 проценти во 2013 година, а односот помеѓу заемите и депозитите беше одржуван значително под 100 проценти, односно на 89,8 проценти, за да се остави простор на банките да продолжат со активностите на давање заеми.

**Монетарната политика и понатаму е прилагодлива.** Како одговор на слабиот кредитен раст, НБРМ двапати ја намали каматната стапка на хартиите од вредност издадени од централната банка за една четвртина од процентен поен во 2013 година. За да го поттикне растот на долгорочни кредити, во јуни 2013 година, НБРМ исто така ги намали задолжителните резерви на нула во однос на обврските на банките кон нерезидентните финансиски компании со рок на доспевање подолг од една година, како и во однос на сите обврски кон нерезиденти со рок на доспевање подолг од две години. Исто така го намали односот на задолжителните резерви за обврските на банката во домашна валута од 10 на 8 проценти и го зголеми односот на задолжителни резерви за обврски во странски валути од 13 на 15 проценти. Имајќи ја во предвид стабилноста и ликвидноста на системот, во октомври 2013 година, НБРМ го намали уделот на времените депозити за кои се претпоставуваше дека ќе бидат повлечени од банките од 80 до 60 проценти, со што се намалија условите за обезбедување и се обезбеди поголем простор за банките да го прошират обемот на давање на долгорочни заеми на приватниот сектор

**Слика 4. Каматни стапки за политики и кредити**




*Извор*: НБРМ и пресметки на вработените во Светска банка

**Слика 5. Раст на кредити (г-з-г)**




*Извор*: НБРМ и пресметки на персоналот на Светска банка.

**Слика 6 Нефункционални заеми (како % од вкупните)**




*Извор*: НБРМ и пресметки на персоналот на Светска банка.

## Конкурентност

**Република Македонија се залага за подобрување на заедничкиот просперитет преку придвижување во насока на економија на повисок раст** базирана на напредни способности за производство и поконкурентни, извозно ориентирани претпријатија. Во рамките на планот на Владата за раст, извозот брзо расте и во 2012 сочинуваше 53,4 проценти од БДП. Сепак, понатамошното подобрување зависи од структурните промени, со оглед дека: (а) извозот е сѐ уште премногу концентриран на стоки (метали и минерали) каде додадената вредност е ниска и цените се нестабилни; (б) средните и големите фирми не инвестираат доволно во квалитет односно иновации; и (в) најголем дел од фирмите кои извезуваат се мали (со помалку од 10 вработени) и имаат потешкотии во однос на конкурентноста на извозните пазари неефикасностите и високите трошоци поврзани со царината, логистиката и трговската инфраструктура. Освен тоа, (г) секторот агробизнис, кој вработуваше 20 проценти од работната сила во 2012 година, е ограничен поради неколку фактори, вклучувајќи го тука и големиот дел на земјиште во државна сопственост, кое треба да биде подобро управувано за да се ослободи неговиот продуктивен и извозен потенцијал.

## Серија на програмски заеми за развојни политики за конкурентност (ДПЛ)

**Како поддршка на планот на владата за конкурентност, серијата на програмски заеми за развојни политики за конкурентност (ДПЛ), составена од две операции од по 50 милиони УСД?,** претставува важен елемент за Стратегијата на Светска банка за партнерство со земјата (СПЗ) за периодот 2010 – 2014 година. СПЗ ги поддржува клучните цели во рамките на секој од столбовите, и тоа (1) целите на столбот за конкурентност за (а) зголемување на финансирањето и инвестициите во секторите каде Република Македонија би можела да стане конкурентна, (б) Воспоставување на правната рамка за приватизација на земјиште и (в) намалување на трошоците за транспорт и товарен сообраќај преку подобрување на царинските постапки и објектите на граничните премини; (2) целта на столбот за инклузивен раст за подобрување на можностите за вработување со намалување на пречките за вработување; и (3) целта на столбот за зелен раст на усогласување на земјоделскиот сектор и земјоделскиот извоз во условите на Европската унија (ЕУ).

**Серијата на ДПЛ заеми за конкурентност има за цел зајакнување на конкурентноста на економијата на Република Македонија** преку поттикнување на продуктивни инвестиции и технолошко надградување во секторите на производство, агрибизнис и трговска логистика, како и преку создавање на поволни услови за постепено зголемување на флексибилноста на пазарот на трудот, развојот на вештини и капацитетите за иновации на приватниот сектор.

**Надоградувајќи на резултатите од првиот ДПЛ за конкурентност во фискалната година 2013, вториот ДПЛ, во ФГ 2014 ќе придонесе за дополнително продлабочување на планот за конкурентност преку поддршка на реформи кои поттикнуваат вложувања и технолошки надградби во секторите за производство, агро – бизнис и трговската логистика.** За Република Македонија, развивањето на напредни производни способности и надградбата на домашниот претприемачки сектор се од критично значење за обезбедување на одржлив раст и создавање на работни места со високо ниво на вештини. Реформите ќе ја зголемат ефективноста на поттикнувањата насочени кон привлекување на странски инвеститори, промовирање на извозот, поддржување на земјоделските производители и унапредување на технолошката модернизација и пренесувањето

на технологии од СДИ на домашната економија.

Активностите на јавните политики во рамките на ДПЛ2 кои ги опфаќаат сите сектори ги положуваат основите за зголемена флексибилност на пазарот на трудот и капацитетот за иновации во клучните продуктивни сектори. Подобрувањето на ефикасноста на пазарот на трудот е од есенцијално значење на конкурентноста на економијата на Република Македонија и е неопходно за разрешување на проблемот со долгорочната невработеност. Понатаму, сеопфатните реформи во рамката за поддршка на иновациите ќе придонесе за поттикнување на истражување и развој и пренос на технологии во приватниот сектор.

## Енергија

**Владата е загрижена за тоа што земјата сѐ повеќе се потпира на увезени фосилни горива и енергетската неефикасност.** Фосилните горива сочинуваат повеќе од 80 проценти од потрошувачката на енергија во Република Македонија, а сѐ поголем дел од оваа количина се увезува, вклучувајќи ги целокупните количини на течни горива и природен гас. Во отсуство на вложувања во нови извори на енергија, овој тренд ќе продолжи со раст на побарувачката, додека домашното производство се подрива. Владата се залага да го заврти овој тренд во обратна насока и да ја зајакне енергетската сигурност. Поголема енергетска ефикасност е првиот чекор во оваа насока, со оглед на тоа дека Република Македонија троши многу малку енергија по глава на жител, но сепак троши многу енергија по единица БДП. Нејзиниот енергетски интензитет е 3,5 пати поголем, а јаглеродниот интензитет е четири пати поголем од просекот во земјите на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД).

**Владата го согледува ова и цврсто се залага за зголемување на делот на енергија од обновливи извори.** Потенцијалот постои, но сепак сѐ уште не е реализиран. Една од областите каде постојат можности за брзо постигнување резултати е подобрувањето на ефикасноста во станбените, комерцијалните и јавните згради, кои сочинуваат до 50 проценти од потрошувачката на енергија. Властите исто така сакаат да ги експлоатираат обновливите извори на енергија, почнувајќи со хидроенергија (од можни 5.500 гигават часови [GWh] чиста хидроенергија која може да се искористи, досега се користат само 27 проценти), но исто така и ветерната, соларната и енергијата од биомаса. Другите цели вклучуваат зголемено користење на природен гас и намалување  на користење електричната енергија за греење на зградите. Вложувањето во енергетскиот сектор е особено значајно, бидејќи повеќе од половина од фирмите во Македонија укажуваат, во рамките на разни анкети, дека снабдувањето со електрична енергија претставува проблем.

**Светска банка го поддржува енергетскиот сектор на Република Македонија.** Енергетската заедница на југоисточна Европа (ЕЗЈИЕ) во рамките на Заеми за програмско прилагодување (ЗПП) 3 врши надградба на инфраструктурата за пренос на електрична енергија и промовира солидно енергетско планирање и регулација. ЕЗЈИЕ ЗПП 3 исто така ја поддржува зелената агенда преку намалување на загубите од енергија и зголемување на стабилноста на енергетскиот систем, главно со зајакнување на преносната мрежа. Дополнителното финансирање за ЕЗЈИЕ ЗПП 3 овозможува продолжување на системот за пренос на електрична енергија помеѓу Република Македонија и Србија. Владата исто така побара од Светска банка поддршка за изградба на брана и акумулација во Луково Поле, која ќе ги опслужува потребите на постоечките хидроцентрали. Овој проект ќе помогне во насока на задоволување на енергетската побарувачка, која се очекува да расте со стапка 2,6 проценти годишно во текот на наредната деценија. Неодамна затворениот проект на Глобалниот инструмент за животна средина (ГЕФ) за одржлива енергија ја поддржа Владата во поставувањето национална програма од голем размер за опремување на јавните објекти со цел да се подобри нивната енергетска ефикасност. Проектот обезбеди градење на капацитети за оваа национална програма, а во исто време финансираше мерки за енергетска ефикасност во училишта, градинки и болници.

## Социјална политика

**Република Македонија гради иновативна и добро насочена мрежа за социјална заштита.** Земјата има систем за социјална заштита кој обезбедува поддршка на значителен дел од населението. Повеќе од 20 проценти од населението добива некаков вид

на социјални надоместоци. Најголемиот надоместок е социјалната парична помош (СПП), дополнителен извор на приход во крајна нужда, кој зависи од имотната состојба, и со кој се обезбедува помош на околу 35.000 домаќинства. Постоечкиот систем функционира релативно добро според регионални стандарди, но сепак постојат исклучувања и протекувања. Освен тоа, опфатот со социјална помош може дополнително да се зајакне, бидејќи достигнува само до 32 проценти од луѓето во најсиромашниот квинтил. Освен тоа, системот е еден од најмалку дарежливите во регионот; помага во ублажувањето на сиромаштијата, меѓутоа не и во излезот на луѓето од сиромаштијата. Укинувањето на социјалните трансфери кои не се пензии би ја зголемило сиромаштијата само за неколку проценти. Меѓутоа, пензиите од друга страна претставуваат битна заштита од сиромаштијата, помагајќи на околу 11 проценти од населението да остане над апсолутната линија на сиромаштија.

**Владата започна со спроведување на широка агенда на реформи за подобрување на ефективноста на системот**. Информациони системи се надградија за да се овозможи подобра администрација, следење, плаќање и испорачување на услуги. Владата исто така го подобри дефинирањето и пресметката на надоместоците, и ги ревидираше условите за квалификување. Најновите подобрувања во ефикасноста на целокупното управување со мрежата за социјална заштита и испорачување на услугите на социјалната заштита се насочени кон подобрување на институционалната инфраструктура преку поврзување на информациониот систем на Министерството за труд и социјална политика со административните регистри на неколку владини агенции. Ваквата размена на информации помеѓу агенциите ги поедноставува постапките за регистрација и ги намалува административните трошоци за барателите на надоместокот, како и трошоците за администрирање на паричните надоместоци. Во исто време, го искористи релативно добро насочената програма за крајна нужда —СПП— за да воведе програма на Условени парични надоместоци (УПН), со поддршка на Светска банка. Програмата УПН помага во насока на намалување на меѓу генерациското пренесување на сиромаштијата со тоа што ги поврзува надоместоците со исполнувањето на стандардите за запишување и редовност во средно образование. Владата го започна спроведувањето на нова програма на УПН за активирање на младите во семејствата кои добиваат СПП со цел да им се помогне да го направат преминот на пазарот на трудот.

**Слика 7. Точност на насочувањето на социјалната помош**




*Извор:* База на податоци за социјална заштита во Европа и централна Азија, Светска банка

## Транспорт



**Како континентална земја, Република Македонија е особено зависна од добро развиена транспортна мрежа за својот економски и социјален развој.** Клучни елементи од оваа мрежа се дел од транс европската транспортна мрежа (Коридор 10, која оди од Австрија до Грција и Турција, и Коридор 8, која поврзува Албанија со пристаништата на Црно Море во Бугарија). Од осамостојувањето, главните предизвици со кои се соочува земјата беа намалување на економското растојание до пазарите и намалување на трошоците за транспорт кои произлегуваат од лошата состојба на Коридор 10 и големите застои на клучните гранични премини. Патниот транспорт има особено значајна улога во развојот на економијата, бидејќи тој го носи најголемиот дел од извозот/стоките на земјата (во првите два квартали на 2013 година, 93 од товарниот транспорт беше пренесен по патната мрежа). Следствено на ова, приоритетот на владата е да ја надгради и рехабилитира патната

инфраструктура за да ги подобри изгледите на раст во иднина. Овие предизвици беа опфатени во програмите на Светска банка кои се фокусирани на (i) подобрувања на патните и железничките објекти долж Коридор 10; и (ii) активности за олеснување на трговијата и транспортот со цел да се олесни движењето на сообраќајот, низ клучните гранични премини.

**Освен финансиската поддршка на инвестициите за локалната и регионалната патна мрежа, Светската банка соработува со владата на подобрување на одржливоста на финансирањето на патиштата.** Овие активности се главно насочени кон ЈПДП и вклучуваат воведување на систем за управување со патната инфраструктура (СУПИ), чија цел е креирање на сеопфатна база на податоци за патната мрежа во земјата. На овој начин ќе му се овозможи на ЈПДП одржливо да управува со своите буџети за капитални инвестиции, и да осигури дека овие капитални расходи се насочени кон делници за кои е приоритетна потребата од инвестирање, како и кон проширување на делници со нагласена економска оправданост. Во фаза на подготовка е проектот во износ од 70 милиони УСД кој конкретно ќе се фокусира на овие подобрувања на капацитетите на ЈПДП за управување со патиштата.

**Слика 8. Патна мрежа во Република Македонија**

| Категорија на патишта | Должина (км) |
|---|---|
| Автопати | 236 |
| Национални патишта | 911 |
| Регионални патишта | 3.772 |
| Локални патишта | 9.240 |
| Вкупна должина на патиштата | 14.159 |

**И покрај тековните инвестиции за патиштата, сепак останува уште да се сработи, бидејќи состојбата на патната мрежа е сè уште полоша од таа во соседните земји и просеците во ЕУ.** Ова особено се однесува на националните патишта кои претставуваат критична врска помеѓу урбаните подрачја и меѓународните коридори. Освен тоа, голем дел од патиштата во земјата се подложни на фактори поврзани со животната средина и климатските промени и потребни се интервенции за да се заштитат од оштетување. Следствено, подготвените операции ќе бидат конкретно насочени кон рехабилитацијата на патните врски до двата европски коридори, односно коридор 10 и 8. Инвестициите особено ќе обрнат внимание на интегрирање на аспектите на безбедност на сообраќајот на патиштата, во рамките на проектите и рехабилитацијата, а исто така ќе осигурат дека мерките за обезбедување на отпорност на климатските промени ќе бидат земени во предвид во рамките на проектните стандарди.

**Искуствата од спроведувањето на проектите финансирани од страна на Светска банка во минато, укажуваат дека операциите на Светска банка претставуваат единствена можност за подобрување на техничките капацитети во ЈПДП и придонесуваат за зголемување на капацитетот за финансиска апсорпција на дотациите од ЕУ.** Во случајот на сегашниот проект за патишта, ЈПДП успешно ја спроведе амбициозната програма за рехабилитација што резултираше во рехабилитирање на 284 километри (км) регионални патишта и 380 км локални патишта за период од четири години. Модалитетите и капацитетите за спроведување во рамките на ЈПДП претставуваат добра основа за апсорпција на Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА) 2 во секторот за патен транспорт. Сепак, ова зависи од капацитетите на ЈПДП за адекватно планирање на инвестициите во секторот патишта и навремено и навремено подготвување на зрели проекти. Следствено, предложените активности на проектот се развиени директно да придонесат кон подобрување на таквиот капацитет, бидејќи техничката помош за безбедноста на патиштата и управувањето со патната инфраструктура ќе му овозможи на ЈПДП да подготви инвестициски редослед на проекти, како и проекти кои ќе ги задоволат економските, технички стандарди, како и стандардите за безбедност на патиштата потребни за финансирањето од ЕУ, а исто така би можело да помогне при подготвување на план за инвестиции за ИПА2

## Општински услуги

**За подобрување на животниот стандард на населението потребна е поефективна и поефикасна испорака на јавните услуги.** Со оглед на новите институционални реалности произлезени од процесот на децентрализација, поуспешните општини се од клучно значење за спроведување на оваа амбициозна агенда. Општините обезбедуваат клучни јавни услуги и инфраструктура за граѓаните и локалните

бизниси. Општинските власти контролираат над 7 проценти од јавните расходи (бројка која најверојатно ќе се зголеми), а локалните власти имаат влијание, оформуваат и одржуваат стабилни меѓуетнички односи на ниво најблиску до граѓаните.

**Во вакви услови, Република Македонија се соочува со двоен предизвик на зголемување на инвестициите во општинските услуги и во исто време справување со недостатоците во работењето на општините и локалниот капацитет.** За да одговорат на овие предизвици, општините треба да направат значителни инвестиции во зајакнувањето на своите способности за управување со услугите и фондовите кои им се на располагање. За целосно искористување на овие можности, вклучувајќи и ресурси поврзани со периодот пред пристапување во ЕУ, општинските власти ќе треба да одиграат поголема улога за која, во моментов, не се доволно подготвени. При тоа, општините се соочуваат со предизвиците на слаб институционален капацитет за управување со своите инвестициски обврски и комуналните претпријатија, од кои голем дел немаат стратегии базирани на пазарот, и не се финансиски одржливи. Увидена е потреба за реформи во секторот на комунални услуги ширум земјата.

**Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран од Светска банка се фокусира на: подобрување на транспарентноста, финансиската одржливост и испорака на одредени услуги** во надлежност на конкурентски избрани општини и нивните претпријатија за комунални услуги, како што е водоснабдување, канализација, и управување со цврст отпад, како и енергетска ефикасност, урбан транспорт и други услуги кои ги обезбедува општината. Проектот дава под-заеми на општините за инвестиции во јавни услуги кои генерираат приходи и други инвестициски проекти со висок приоритет, како и грантови за техничка помош во изготвувањето на општинските проекти, градење локални капацитети за општините и претпријатијата за комунални услуги, како и институционално зајакнување на национално ниво.

### Катастар на недвижности

**Македонија има систем на катастар кој е пример во регионот.** Со помош на Светска банка, владата направи големи чекори во реформирањето на катастарот на недвижности и системот на запишување на имотот. Агенцијата за катастар на недвижности се трансформира од техничка организација насочена кон премери во услужна организација насочена кон клиентите. Катастарот на недвижности е воспоставен на 99,8% од територијата на земјата, а зголемената ефикасност и верба во системот на запишување доведоа до зголемување на употребата на имотите како финансиски средства.

**Сега владата се фокусира на понатамошно подобрување на запишувањето и катастарските услуги со надградба на националните податоци во смисла на нивна точност, целосност и достапност.** Проектот финансиран од страна на Светска банка помага на Агенцијата за катастар на недвижности во: а) дигитализирање на постоечките катастарски мапи и планови; б) обезбедување на графички информации во рамките на географски информатички систем базиран на интернет за олеснување на пристапот до информациите од страна на граѓаните, приватниот сектор и јавниот сектор; в) надградба на геодетската референтна инфраструктура за подобрување на точноста и ефикасноста на премерите; и г) поддршка на владата за изготвување на стратегија и започнување на спроведувањето на Национална инфраструктура на просторни податоци. Инвестицијата на Светска банка исто така дава поддршка на Управата за имотно правни работи во нивните напори насочени кон завршување на приватизацијата на урбаното земјиште и легализацијата на незаконски изградените објекти и работи во насока на подобрување на нејзиниот капацитет за справување со имотот во државна сопственост.

## ПРОГРАМАТА НА СВЕТСКА БАНКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Република Македонија се приклучи кон Светската банка во 1994 година и престана да се квалификува за Меѓународна финансиска помош (МФП) во 2003 година.** Оттогаш, Светската банка обезбеди повеќе од 1,2 милијарди УСД, во вид на заеми и

грантови, како поддршка на преминот на земјата во пазарна економија и на нејзините напори за градење ефективни институции; подобрување на деловното опкружување подобрување на образованието, социјалната заштита, и пензиите; градење и рехабилитација на основната транспортна и енергетска инфраструктура, и зачувување на природното и културното наследство.

**Стратегијата за партнерство со земјата (СПЗ) помеѓу Светска банка и Република Македонија за фискалните години 2011 – 2014 приврвшува и се подготвува нова стратегија за земјата. Целта на тековната СПЗ беше да се обезбеди селективна и фокусирана финансиска поддршка** и знаење и советодавни услуги како поддршка на побрз, посеопфатен и позелен економски раст. Бидејќи идниот раст и развој на Република Македонија зависи во основа од темпото на процесот на пристапување во ЕУ, скоро секоја интервенција во СПЗ е дизајнирана да помогне во подготовките за членство во ЕУ. Тековната програма се состои од шест заеми и еден грант, во вкупен износ од 299 милиони УСД.

**За да помогне на Владата да се справи со последиците од Европската финансиска криза** и да пружи поддршка на економската транзиција на земјата, Владата и Светска банка одобрија три операции за поддршка на буџетот (вклучувајќи и две гаранции базирани на политики) со следниве цели: (i) за зајакнување на одржливоста на јавните финансии; (ii) подобрување на успешноста на социјалната заштита; (iii) подобрување на конкурентноста на економијата; и (iv) зајакнување на отпорноста на финансискиот сектор. Спроведени се преговори за вториот ДПЛ за конкурентност, кој треба да биде претставен пред одборот во март 2014 година.

**Портфолиото исто така го вклучува и проект за Катастар на недвижности и запишување** (26 милиони УСД) за дигитализација на катастарски мапи, воспоставување на порталот за националната инфраструктура на просторни податоци за да се овозможи поголема оперативност помеѓу агенциите (пристап и размена на податоци) осигурување на титуларите за земјиште и недвижнини.

**Во инфраструктурата, Проектот за поддршка на програмата за локални и регионални патишта** (105 милиони УСД) помага во рехабилитацијата на регионалните и локалните патишта и обезбедува институционална поддршка за подобрување на управувањето со патиштата. Друга инвестициска операција за инфраструктурата која се подготвува во рамките на тековната СПЗ е *Проектот за рехабилитација на националните и регионалните патишта* (70 милиони УСД), која има за цел подобрување на поврзаноста на одредени национални и регионални патишта, главно со коридорите 10 и 8, како и подобрување на капацитетите на ЈПДП за безбедност на сообраќајот и климатска отпорност.

**Финансирањето на Светска банка за енергетскиот сектор** се врши преку проектот ЕЗЈИЕ ЗПП 3 (44 милиони УСД) за подобрување на преносната мрежа, вклучувајќи и далновод за поврзување со Србија.
**Локалниот развој е потпомогнат преку *Проектот за подобрување на општинските услуги*** (75 милиони УСД), кој помага во подобрувањето на транспарентноста, финансиската одржливост и испораката на одредени општински услуги во избраните општини. Светската банка преговара со Европската комисија за кофинансирање за овој проект од околу 21,2 милиони УСД со цел да се искористат средства од ИПА за инвестиции во руралната инфраструктура преку механизмите на постоечкиот проект.

**Светска банка е исто така активна во секторот за човеков развој** преку два проекти, и тоа: *Проектот за условени парични надоместоци* (25 милиони УСД), кој обезбедува помош за сиромашните семејства чии деца редовно посетуваат училиште, како и *Проектот за развој на вештини и поддршка на иновациите* (24 милиони УСД), чија цел е подобрување на транспарентноста на распределбата на ресурсите за високо образование, како и унапредување на отчетноста, подобрување ма релевантноста на средното техничко стручно образование и поддржување на капацитетите за иновации во Република Македонија.

**Аналитички и советодавни активности (АСА).** Во изминатите две години Аналитичката и советодавната програма на Светска банка премина на спроведување советодавни услуги „токму навреме", истовремено испорачувајќи ги основните аналитички извештаи. Програмата вклучува примена на рамката од *Светскиот развоен*

*извештај 2013 година: Работни места,* со акцент на дефинирањето на планот за работни места во Република Македонија, а исто така вклучува проценка на Зелен раст со цел да и се помогне на Владата во рационализирањето на прашањата поврзани со одржлив развој и климатски промени во рамката за макроекономско планирање и одлучување. Овен тоа програмата содржи и проценка на конкурентноста, преглед на јавните расходи во земјоделството, преглед на пазарот на трудот, како и поддршка за иницијативата Отворена влада.

**Новата стратегија за партнерство со земјата** за Република Македонија е во фаза на подготовка и ќе се фокусира на два столба: раст и конкурентност, како и човеков капитал и вклучување. Прелиминарниот список на планираните нови заеми вклучува проект за фонд за енергетска ефикасност, втор проект за рехабилитација на патишта, проект за работни места базиран на ИКТ, проект со Министерството за животна средина и уште еден ДПЛ заем за конкурентност.

## Меѓународна финансиска корпорација

**Република Македонија стана акционер и член на Меѓународната финансиска корпорација (МФК) во 1993 година**. Оттогаш, вложувањата на МФК во Република Македонија изнесуваат вкупни 245 милиони УСД, вклучувајќи и 37,5 милиони УСД во вид на заеми од конзорциуми во рамките на 38 проекти во низа сектори, и нивното ангажирано портфолио во Република Македонија на 30 септември 2013 година изнесуваше 207 милиони УСД. Во фискалната година 2013, МФК вложила 6,8 милиони УСД во земјата. Советодавните услуги на МФК имаат за цел подобрување на инвестициската клима и успешноста на компаниите од приватниот сектор, како и привлекување на приватниот сектор да учествува во развивањето и спроведувањето на инфраструктурни проекти.

**Преку комбинација на инвестициски и советодавни услуги,** МФК и понатаму партнерски ќе соработува со клиенти во стратешки сектори кои се од круцијално значење за долгорочниот одржлив развој на земјата, со особен фокус на:

- Финансискиот сектор, со посебен акцент на давање заеми за мали и средни претпријатија (МСП) и енергетска ефикасност
- Климатските промени, вклучувајќи и инвестиции во секторите за инфраструктура и енергија
- Агробизнисот, со акцент на малопродажбата на храна
- Производство со додадена вредност
- Деловна инфраструктура, со фокус на логистика и дистрибуција
- Здравје и образование

**Најновите инвестициски проекти се:**

- Линија за трговско финансирање во износ од 10 милиони УСД на Охридска банка Сосиете Женерал, потпишано во август 2013 година
- Долгорочен заем во износ од 13,4 милиони УСД на Охридска банка Сосиете Женерал, банка од средна големина, за поддршка на секторот на МСП
- Долгорочен заем во износ од 4,6 милиони УСД за поддршка на ЕВН Македонија, единствената компанија за дистрибуција и снабдување со електрична енергија во земјата

Во рамките на својата **програма за глобално трговско финансирање,** МФК обезбеди линии за трговско финансирање на:

- НБГ Стопанска банка, банка со сè поголемо присуство во давањето заеми на малопродажни компании, корпоративно банкарство и МСП
- НЛБ Тутунска банка, дел од НЛБ групацијата од Словенија
- Унибанка, локална банка од втор степен со фокус на секторот на МСП
- Охридска банка, дел од Сосиете женерал

**МФК исто така инвестираше во два регионални проекти** (Титан цемент и Вино Жупа) кои имаат значителни операции во земјата.

**Освен инвестициите, МФК има активна советодавна програма во Република Македонија.** Во земјата се спроведени следниве регионални проекти за советодавни услуги:

***Проектот за обновлива енергија на Балканот*** работи во насока на развивање на пазар за обновливи енергии, со посебен акцент на мали хидроцентрали (МХЦ) во земјите од западен Балкан со највисок потенцијал:

Албанија, Босна и Херцеговина, Република Македонија, Косово, Црна Гора и Србија. (Овој проект е поддржан од страна на Федералното министерството за финансии на Австрија).

**Програмата за корпоративно управување во Европа и централна Азија** поддржува зајакнување на практиките за корпоративно управување во компаниите и банките во регионот, што доведува до зголемена успешност (намалени капитални трошоци, повисоки валуации, подобрени услови на заеми) односно ефикасност (подобрено работење, појасни структури, подобро дефинирани улоги). Програмата исто така содржи и компонента за градење на капацитети за поддршка на локалните институции да даваат услуги за корпоративно управување заедно со МФК.

**Проектот за трговска логистика во западниот Балкан** е активен во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Република Македонија, Црна Гора и Србија. Целта на проектот е намалување на регулаторните и административните тесни грла на регионалната преку гранична трговија преку рационализирање на постапките за увоз и извоз, усогласување на соработката помеѓу агенциите во рамките на земјата како и помеѓу земјите и поттикнување на контроли базирани на ризик, вклучувајќи и пообемно користење на електронски системи за размена на податоци и плаќања поврзани со трговската логистика. Проектот има за цел да ја подобри конкурентноста на приватниот сектор преку подобрување на пристапот до регионалните и глобалните пазари. Активностите спроведени во рамките на проектот се очекува да генерираат 10 милиони УСД во форма на заштеди на приватниот сектор.

**Јавно приватни партнерства**: МФК обезбедува совети за осмислување и спроведување на трансакции помеѓу јавно – приватни партнерства (ЈПП) и национални односно општински власти со цел подобрување на инфраструктурата и пристапот до основни услуги како што се водоснабдување, електрична енергија, здравје и образование. Програмата е поддржана од страна на донаторските партнери Австрија, Норвешка и Швајцарија.

**Во Република Македонија, МФК во моментов има две активни задачи во однос на ЈПП, и тоа:** помагање на владата да го привлече приватниот сектор да учествува во (i): енергетскиот сектор: проектот за ХЕЦ на Црна Река, чија цел е подобрување на ефикасноста на енергетскиот сектор и одржливоста на животната средина, каде МФК помага во осмислувањето и спроведувањето на трансакцијата со ЈПП; и (ii) патен транспорт: концесија за наплата на патарини на Коридор 8.

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ПРОЕКТ ЗА УСЛОВЕНИ ПАРИЧНИ НАДОМЕСТОЦИ

**Клучни датуми:**
**Одобрен на:** 16 јуни, 2009 година
**Ефективен на:** 28 октомври, 2009 година
**Завршува на:** 31 декември 2015 година
**Финансирање во милиони УСД:**

| ***Финансиер*** | ***Финансирање*** | ***Исплатено**** | ***Неисплатено*** |
|---|---|---|---|
| Заем од МБОР | 25,00 | 9,2 | 16,2 |
| Влада | 1,30 | | |
| **Вкупни трошоци на проектот** | **26,30** | | |

*** Исплаќање на Светска банка со состојба март 2014 година.**
***Забелешка: Исплатите можеби се разликуваат од финансирањето поради промените на девизниот курс во моментот на исплатата .***



Влијанието на глобалната финансиска криза и економското ослабување ги намали изгледите за раст, извоз, странски директни инвестиции (СДИ) и приватни трансфери во 2009 година. Освен тоа, сиромаштијата останува на високо ниво и најверојатно ќе се зголеми поради влијанијата на кризата. Во овој контекст, улогата на ефективна и ефикасна мрежа за социјална заштита зазема се поголема важност. Мрежите за заштита се дел од поширокатa стратегија за намалување на сиромаштијата – делувајќи заедно со социјалното осигурување, здравството, образованието, финансиските услуги, и другите политики чија цел е намалување на сиромаштијата и управувањето со ризиците. Мрежите за заштита имаат краткорочни улоги во намалувањето на сиромаштијата и нееднаквоста, како и долгорочни влијанија со тоа што им овозможуваат на домаќинствата да направат подобри инвестиции за својата иднина. Владата согледа дека влијанијата врз човечкиот капитал и намалувањето на пренесувањето на сиромаштијата меѓу генерациите можат да бидат особено моќни кога програмите на мрежите за заштита се директно поврзани со мотивации за инвестирање во образованието и здравството преку условените парични надоместоци.

**Развојната цел на проектот** е зајакнување на ефективноста и ефикасноста на мрежата за социјална заштита на Република Македонија преку (а) воведување на условени парични надоместоци; и (б) подобрување на администрацијата, надзорот, следењето и евалуацијата на трансферите на социјална помош.

**Проектот** ќе ја оствари целта преку поддршка на спроведувањето на програма за УПН за сиромашни семејства со услов нивните деца да бидат запишани и да посетуваат средно училиште, и ќе помогне да се идентификуваат и развијат можни продолжувања на моделот на УПН во здравство, труд и/или други нивоа на образование. Освен тоа, Проектот ќе поддржи подобрувања во администрацијата на мрежите за социјална заштита, испораката на услугите, надзорот и евалуацијата.

**Постигнати резултати :**

- Во училишната година 2013–14, приближно 7.500 деца од сиромашни семејства редовно посетуваа училиште поради тоа што добиваа УПН.
- Опфатот на програмата за УПН за средните училишта се зголеми од околу 67 проценти квалификуваните деца во првата година на спроведување до околу 86 проценти во 2013 година. Оценувањето на влијанието на програмата за УПН за средните училишта исто така покажува импресивни резултати и во делот на запишувањето, особено помеѓу постарите деца кај кои веројатноста за напуштање на училиштето е диспропорционално поголема. Програмата за УПН е најверојатната причина за зголемувањето од 10 процентни поени на стапката на запишувањето во средното образование во Македонија, како и за пониските стапки на осипување кај постарите деца.
- Информационите системи и системите за управување на условените надоместоци се надградени за да се овозможи подобра администрација, следење, плаќање и испорака на услуги.

**Клучни партнери:** Тимот на Светска банка тесно соработува со (i) Министерството за труд и социјална политика кое е одговорно за водење на општите политики како и за управување со проектот; (ii) Министерството за образование и наука.

**Клучни развојни партнери** се Владата на Јапонија која го поддржа развојот на овој проект преку грантови од програмата за развој на политики и човечки ресурси (ПХРД) и Детскиот фонд на обединети нации (УНИЦЕФ) кој обезбеди поддршка во идентификацијата на програмата на УПН.

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ЕНЕРГЕТСКА ЗАЕДНИЦА НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ЗПП 3

**Клучни датуми:**
**Одобрен на:** 10 јануари, 2006 година
**Ефективен на:** 25 мај, 2006 година
**Завршува на:** 31 март, 2014 година
**Финансирање во милиони УСД:**

| ***Финансиер*** | ***Финансирање*** | **Исплатено*** | ***Неисплатено*** |
|---|---|---|---|
| Заем од МБОР | 44,1 | 27,4 | 20,1 |
| Влада | 26,9 | | |
| **Вкупни трошоци на проектот** | **71,0** | | |

*** Исплаќање на Светска банка со состојба март 2014 година.**
*Забелешка: Исплатите можеби се разликуваат од финансирањето поради промените на девизниот курс во моментот на исплатата .*



Подобрувањето на успешноста на енергетскиот сектор е од круцијално значење за економскиот развој и подобрувањето на конкурентноста во југоисточна Европа (ЈИЕ). Снабдувањето со енергија се проектира се затегне значително во наредните неколку години, што ќе ја ограничи економската активност и ќе има влијание врз животите на граѓаните доколку не се реши навремено.

**Развојната цел на проектот** за енергетска заедница на југоисточна Европа е да ја поддржи интеграцијата на Република Македонија во регионалниот електроенергетски пазар преку финансирање на инвестиции во пренос на електрична енергија и институционален развој во насока на поддршка на учеството на пазарот.

Поконкретно проектот дава инвестициска поддршка и техничка помош на МЕПСО (јавното претпријатие за пренос на електрична енергија) со цел да се зајакне преносот и испораката и да се подобри ефикасноста на МЕПСО да го поддржува неговото функционирање во контекст на регионалниот електроенергетски пазар преку (а) финансирање на инвестиции потребни за рехабилитација и надградба на мрежата за пренос на електрична енергија, (б) финансирање на инвестиции за зголемување на нивото на поврзаност со соседните електроенергетски системи, и (в) зајакнување на институционалниот капацитет на МЕПСО.

**Постигнати резултати :**

- Со завршувањето на 19 км далновод од Грција, олеснета е регионалната трговија со електрична енергија.
- Во Република Македонија, транзитот на електрична енергија е зголемен за скоро 200 проценти од завршувањето на далноводот .
- Рехабилитирани се 38 трансформатори ширум целата земја, вклучувајќи го и главниот трафостаница за главниот град Скопје ,чии капацитет се зголеми за 78 мегаволт ампери (МВА). На тој начин се подобри стабилноста на системот и доведе до намалување на техничките загуби од 2,2 мегавати (MW) за време на вршните часови .

**Клучни партнери:** Тимот на Светска банка тесно соработуваше со (i) Министерството за економија кое е одговорно за водење на општите политики; (ii) МЕПСО (јавното претпријатие пренос на електрична енергија), крајниот примател на ресурсите од заемот, и одговорно за спроведување на Проектот и (iii) Регулаторната комисија за енергетика.

**Клучни развојни партнери** се Европската комисија, Европската енергетска заедница и Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД) .

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ПРОЕКТ ЗА ПОДДРШКА НА ПРОГРАМАТА ЗА РЕГИОНАЛНИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

**Клучни датуми:**
**Одобрен на:** 13 мај, 2008 година
**Ефективен на:** 17 октомври, 2008 година
**Завршува на:** 31 јули, 2015 година
**Финансирање во милиони УСД:**

| *Финансиер* | *Финансирање* | *Исплатено** | *Неисплатено* |
|---|---|---|---|
| Заем од МБОР | 105,20 | 70,64 | 27,45 |
| **Вкупни трошоци на проектот** | **105,20** | | |

*** Исплаќање на Светска банка со состојба март 2014 година.**
*Забелешка: Исплатите можеби се разликуваат од финансирањето поради промените на девизниот курс во моментот на исплатата .*



Иако патната мрежа во Република Македонија составена од 3.781 километри регионални патишта и 8.496 километри локални патишта се смета дека, во најголем дел, обезбедува адекватна покриеност, сепак нејзината состојба е далеку под стандардите за слични такви мрежи во другите европски и најголем дел од соседните земји. Во една техничка проценка, спроведена во 2007 година, состојбата на регионалните и локалните патишта беше опишана дека има „значителни дефекти и ослабена структурна отпорност, поради што е потребно повторно положување на површинскиот слој или пак на тампонот на патиштата“, меѓутоа нема потреба за рушење на асфалтот односно повторна изградба на основата на патот. Ваквата незадоволителна состојба на патиштата главно е резултат на несоодветното внимание посветено на управување односно финансирањето на мрежата во изминатите 15 години.

**Развојната цел на проектот** е да се намалат трошоците за сигурен пристап до пазарите и услугите, на заедниците опслужени со регионалните и локалните патишта на територијата на Гарантот и да се подобрат институционалните капацитети за планирање на инвестиции и безбедноста на патиштата. Периодот за спроведување на проектот е од 2008 до 2015 година. Со проектот се финансира рехабилитацијата на приближно 284 километри на асфалтирани регионални патишта (околу 9 проценти од регионалните патишта во земјата) и приближно 420 километри асфалтирани и неасфалтирани локални патишта (околу 5 проценти од локалните патишта во земјата). По преструктуирањето одобрено од страна на одборот во 2013 година, со проектот исто така се обезбедува зголемена помош на Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП) за подобрување на неговите институционални капацитети, модернизирање на неговиот пристап кон управување со патната мрежа како и за да му се помогне соодветно да ја земе во предвид безбедноста на патиштата.

**Постигнати резултати :**

- Регионални патишта: завршена рехабилитација на 284 километри; локални патишта: завршена рехабилитација на 384 километар во 73 општини;
- Спроведена е техничка ревизија на извршените работи и спроведени се дадените препораки;
- Дополнителните работи на одводнувањето, замената и инсталацијата на патна сигнализација и опрема на патот, како што се огради, ја зголеми одржливоста на рехабилитираните патишта и ја подобри безбедноста на патиштата;
- Започнувањето на работите на поправање на свлечиштата на четири критични патни делници ќе обезбедат непречен пристап до патиштата и подобрена безбедност;
- Зајакнати се капацитети на општините за планирање, одржување и инвестирање во локалните патишта (преку препораките од техничките ревизии и подготвувањето на „Насоките за утврдување и осмислување на подобрувањата на локалните патишта“);
- Јавното претпријатие за државни патишта работи на воведување на систем за управување со патиштата за патната мрежа;
- Јавното претпријатие за државни патишта покажа силни заложби во насока на подобрување на безбедноста на патиштата преку:
  (i) спроведување на елементите за безбедност на патиштата за да се создаде „Пат кој ќе биде пример за безбедноста на сообраќајот на патиштата“ на една делница од регионален пат;
  (ii) замена на целокупната хоризонтална и вертикална патна сигнализација на регионалните патишта во согласност со ново донесените закони и прописи усогласени со најдобрите практики во Европа.

**Клучни партнери** : Тимот на Светска банка тесно соработува со (i) Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП), заемопримачот и органот кој го спроведува проектот; (ii) Министерството за транспорт, одговорно за утврдувањето на општите политики; и (iii) Државниот совет за безбедност на патиштата.

**Клучни развојни партнери** се Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), која во исто време финансира слична ваква програма. Во понатамошните фази на програмата може да се пристапи и до фондовите на Европска унија (ЕУ) односно ИПА.

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ

**Клучни датуми:**
**Одобрен на:** 26 март, 2009 година
**Ефективен на:** 4 август, 2009 година
**Завршува на:** 30 ноември, 2017 година
**Финансирање во милиони УСД:**

| Финансиер | Финансирање | Исплатено* | Неисплатено |
|---|---|---|---|
| Заем од МБОР | 75,00 | 20 | 55.2 |
| **Вкупни трошоци на проектот** | **75,00** | | |

*** Исплаќање на Светска банка со состојба март 2014 година.**
***Забелешка: Исплатите можеби се разликуваат од финансирањето поради промените на девизниот курс во моментот на исплатата .***



Република Македонија започнала со спроведување на процес за реформа на децентрализацијата пред една деценија. Во многу области од нивна надлежност, општините сè уште не се доволно запознаени со пазарните пристапи, се оптоварени со застарени практики и регулативи како и со незавршената модернизација на запишувањето на земјиштето. Потребата за реформи во секторот на комунални услуги е нашироко осознаена во земјата. Скоро сите локални јавни услуги (водоснабдување, канализација и цврст отпад, јавно осветлување, чистење на улици и паркови, пазаришта и гробишта) се обезбедуваат преку комунални претпријатија во сопственост на општините. Најголем дел од овие услуги постојано страдаат од ригидни контроли на тарифите, занемарено одржување, преголема вработеност и слабо финансиско управување, што доведува до влегување во надолна спирала односно уште поголемо влошување и недостаток на средства за нови инвестиции. Доминантната институционална рамка и рамка на политики, која ги прави комуналните претпријатија премногу зависни од нивните сопственици во општината и ги ослабува комерцијалните мотиви, не ја поддржува одржливоста на услугите, а уште помалку поддржува генерирање на средства за подобрувањата во насока на исполнување на барањата на *acquis* на ЕУ.
**Развојната цел на проектот** е да се подобри транспарентноста, финансиската одржливост и испорачувањето на одредени општински услуги во општините кои учествуваат во Проектот. Истиот има за цел да се фокусира на инфраструктурата и услугите во надлежност на општините кои учествуваат во проектот и нивните комунални претпријатија, како што се водоснабдување, одведување на отпадни води и управување со цврст отпад, меѓутоа исто така може да вклучи и поддршка за други функции како што се енергетска ефикасност, урбан транспорт, и други услуги кои ги обезбедува општината. Проектот обезбедува заеми на општините за инвестиции во јавни услуги кои генерираат приходи и други инвестициски проекти со висок приоритет, како и дотации за техничка помош за подготовка на проектите, градење на капацитет на локално ниво за општините и Комуналните претпријатија, и институционално зајакнување на национално ниво.

**Постигнати резултати :**

- Потпишани се под – заеми со 34 општини, а 18 проекти се успешно завршени.
- На луѓето во општините кои учествуваат во Проектот им е обезбеден пристап до редовно собирање на цврстиот отпад, подобро и поевтино јавно осветлување, рехабилитирани локални улици, подобра атмосферска канализација, подобрено затоплување во јавните училишта преку заштеди на енергија, и подобрено водоснабдување преку рехабилитацијата на мрежите за водоснабдување.
- Во Богданци и Новаци, населението доби подобро и енергетски поефикасно улично осветлување, со што енергетската потрошувачка се намали за повеќе од 50 проценти; со проектот беше предвидена замена на старите живини сијалици со нови компактни флуоресцентни сијалици. Со проектот беа опфатени сите населени места. Вкупно 12.200 жители искористија придобивки од овој проект.
- Градот Скопје набави опрема за чистење на улиците и нови контејнери за цврст отпад; набавени се 17 камиони за собирање на цврст отпад и 60.000 канти за отпад, со што се опфатени 250.000 жители.
- Општината Илинден набави и инсталираше топлински пумпи во основното училиште, што доведе до поефикасно греење.
- Општините Пехчево, Вевчани, Крушево, Кичево, Виница, и Градско набавија нови камиони за цврст отпад со кои ќе ги опслужуваат своите жители.
- Општините Кочани и Кисела Вода реконструираа дел од нивната мрежа за водоснабдување, со што сега голем број на жители на овие општини имаат посигурно водоснабдување.

**Клучни партнери :** Тимот на Светска банка тесно соработува со (i) Министерството за финансии кое е одговорно за општото водење на политики како и за управување со проектот; (ii) Здружението на единици на локална самоуправа (ЗЕЛС), и (iii) Општините кои учествуваат во Проектот, како крајни корисници на ресурсите од заемот преку аранжмани за давање на заем.
**Клучни развојни партнери** се УСАИД, кој обезбедува техничка помош на општините за финансиско управување и спремност за задолжување како дел од тековната програма финансирана од страна на УСАИД .

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ПРОЕКТ ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ И РЕГИСТРАЦИЈА

**Клучни датуми:**
**Одобрен на:** 15 март 2005 година
**Ефективен на:** 8 јули 2005 година
**Завршува на:** 30 јуни, 2015 година
**Финансирање во милиони УСД:**

| Финансиер | Финансирање | Исплатено* | Неисплатено |
|---|---|---|---|
| Заем од МБОР | 26,10 | 18.9 | 6.5 |
| Влада | 2,00 | | |
| **Вкупни трошоци на проектот** | **28.10** | | |

*** Исплаќање на Светска банка со состојба март 2014 година.**
***Забелешка: Исплатите можеби се разликуваат од финансирањето поради промените на девизниот курс во моментот на исплатата .***



Во 2005 година со катастар на недвижности беа покриени само 43% од земјата, а несигурните имотни права и слабите услуги за регистрација на земјиштето се ограничување за странските инвестиции. Довербата во регистрацијата и во катастарската евиденција беше ниска бидејќи евиденцијата беше многу застарена, а 60-70% од становите не беа воопшто впишани. Недостатокот на доверба и тешкотиите предизвикани од нецелосната евиденција имаа негативни ефекти врз инвестициите во приватниот сектор и врз развојот на економијата во целина: многу земјишни трансакции не беа регистрирани, а катастарската и другата евиденција (судската, нотарската) беа нецелосни и застарени што водеше кон несигурност и недостаток на доверба во пазарите на недвижности. Сопственоста на имотот не беше конзистентно регистрирана на едно централно место и непостоењето на сигурен титулар за повеќето граѓани го направи хипотекарното финансирање многу тешко или невозможно.

**Развојната цел на проектот** е да се изгради ефикасен и ефективен катастар на недвижности и систем за регистрација што ќе придонесе за развојот на ефикасни пазари на земјиште и недвижности .

**Проектот** и помогна на Агенцијата за катастар на недвижности (АКН) да се трансформира од техничка организација фокусирана на премерот во услужна организација фокусирана на корисниците. Една од главните цели на проектот беше да се подобри управувањето и следењето на Агенцијата, што консеквентно водеше кон поефикасен начин на работа ориентиран кон клиентите. Во исто време, работата на политиките во рамките на Проектот даде придонес за новиот *Закон за премер, катастар и регистрација на правата на недвижностите*, со кој се овозможи развојот на геометрите во приватниот сектор. Владата и Светска банка, во 2010 година, се согласија за заем за дополнително финансирање во износ од 9,0 милиони евра, а проектот беше продолжен за 3 години за да се завршат дополнителните активности, вклучувајќи и дигитална катастарска карта и национална инфраструктура за просторни податоци која ќе придонесе за повеќе и подобри услуги за граѓаните и за другите владини партнери.

**Постигнати резултати :**

Од почетокот на проектот во 2005 година :

- Катастарот на недвижности е воспоставен на 99,8 проценти од територијата на земјата.
- Годишниот број на трансакции за регистрација на национално ниво тројно се зголеми од 42.000 во 2005 година на 148.000 во 2013 година.
- Бројот на регистрирани хипотеки во системот за администрација на земјиштето секоја година се зголемува од 3.000 во 2005 година на 13.000 во 2013 година, демонстрирајќи значително зголемување на користењето на сопственичките права како гаранција. Од почетокот на проектот се регистрирани над 70.000 хипотеки .
- Просечното време за регистрирање на купување односно продажба е намалено на помалку од еден ден – намалување од 60 дена во 2004 година .
- На крајот на 2012 година 288 акредитирани приватни геометри и 149 регистрирани компании кои им даваат услуги директно на граѓаните – пораст од 14 приватни геометри и ниту една регистрирана компанија на почетокот на проектот.
- Управата за имотно правни работи (УИПР) работи со нов систем за управување со информации кој овозможува поголема ефикасност во работењето, а 24 од 35 канцеларии работата во подобрени услови. Развиени се визијата и стратегијата за идната улога на Управата и истите се спроведуваат.

**Клучни партнери:** Тимот на Светска банка тесно соработуваше со Агенцијата за катастар на недвижности (АКН) – главната агенција за спроведување. Другите клучни владини партнери се Министерството за финансии и Министерството за транспорт, двете членки на Советодавниот комитет за земјишни политики и вклучени во активностите за земјишна политика.

**Клучни развојни партнери** се Шведската агенција за соработка во меѓународниот развој (СИДА),Јапонската агенција за меѓународна соработка (ЈИЦА), Владите на Холандија и Норвешка. сите обезбедија грантови паралелно со главното финансирање на проектот до Светска Банка за поддршка на АКН во градењето капацитети и обука, стратегија, мапирање, национална инфраструктура на просторни податоци и ИТ.

**ИНСТРУМЕНТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД КАТАСТРОФАЛЕН РИЗИК ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА И КАВКАЗ (ЈИЕК ИОКР)**

**Клучни датуми:**
**Одобрен на:** 3 март, 2011 година
**Ефективен на:** нп
**Завршува на:** 31 декември, 2015 година
**Финансирање во милиони УСД*:**

| Финансиер | Финансирање | Исплатено* | Неисплатено |
|---|---|---|---|
| Заем од МБОР | 5 | 5 | 0 |
| **Вкупни трошоци на проектот** | **5** | | |



Република Македонија е особено ранлива на природни несреќи. Помеѓу 1986 и 2006 година, поплавите сочинуваа 44 проценти од природните и технолошките несреќи. Податоците од последните 20 години укажуваат на постепено растечки тренд на бројот на случени природни несреќи, жестокост на поплави, и силина на поплави. Земјата е погодена од две влијанија бидејќи, иако поплавите имаат растечки тренд; ефектите на климатските промени исто така се манифестираат во зголемениот број на суши. Освен тоа, Република Македонија се наоѓа во Медитеранскиот сеизмички појас. Во земјотресот во 1963 година загинаа повеќе од 1.000 луѓе и беа оштетени 80 проценти од објектите во Скопје.

**Развојната цел на проектот** е да помогне да се зголеми пристапот на сопствениците на станбени објекти, земјоделците, претприемачкиот сектор и владините агенции до финансиска заштита од загубите предизвикани од климатските промени и геолошките опасности.
Програмата ќе ги поддржи напорите на земјите од југоисточна Европа и Кавказ (ЗЈИЕК) да се приклучат кон *Еуропа РЕ* преку финансирање на нивните придонеси за членство во инструментот. *Европа РЕ,* за возврат, ќе овозможи раст на пазарите за осигурување од катастрофални ризици во земјите членки. За првата фаза на програмата, оваа компонента ќе се финансира преку заеми од Меѓународната банка за обнова и развој (МБОР) (за Србија и Република Македонија) и кредити на Меѓународното здружение за развој (МЗР) (за Босна и Херцеговина и Грузија). ИОКР на ЗЈИЕК исто така ќе работи на градење на техничките капацитети преку грант, финансиран од донаторски средства и грант од глобалниот инструмент за животна средина (ГЕФ) и спроведен од страна на *Европа Ре*, кој вклучува: (i) мапирање и моделирање на ризиците за земјите учеснички; (ii) дизајнирање и утврдување на цените за соодветните производи за осигурување од катастрофални ризици; (iii) мали станици за следење на временските прилики како поддршка на пареметарското осигурување од временски прилики; и (iv) техничка помош за регулаторни реформи и реформи на политики со цел да се создаде поволен пазар.

**Постигнати резултати :**

- Најважните очекувани резултати од програмата се зголемениот пристап до осигурување од временски непогоди и катастрофи по достапни цени за милиони луѓе и илјадници мали и средни претпријатија во регионот. Целта е да се зголеми пробивот на осигурувањето од катастрофи помеѓу корисниците од сегашните 1-5 проценти до 15 проценти за сопственици на станови, земјоделци, претпријатија и владини субјекти во наредните пет години.
- Клучните корисници на ИОКР на ЗЈИЕК се сопствениците на домови, земјоделци, претприемачкиот сектор и владините организации/агенции кои ќе можат да купат сигурно осигурување од катастрофални ризици и/или договори за осигурување од временски прилики базирани на индекс, по конкурентни цени. Во директните корисници исто така се вклучуваат и локалните осигурителни компании во земјите учеснички кои ќе можат да го прошират и продлабочат својот осигурителен бизнис.

**Клучни партнери:** Тимот на Светска банка тесно соработува со (i) Министерството за финансии, кое е одговорно за водење на општите политиките како и за спроведување на проектот; (ii) Агенцијата за надзор на осигурувањето, и (iii) приватни осигурителни компании.

**Клучни развојни партнери** се Швајцарскиот државен секретаријат за економски прашања обезбедува грант од 4,5 милиони УСД за финансирање на основањето на компанијата Еуропа Ре. Тимот на Светска банка е во тесна координација со делегацијата на ЕУ во Македонија.

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: СТОПАНСКА БАНКА

**Клучни датуми:**

**Одобрен на:** Август 2011 година
**Потпишан на:** Мај 2012 година
**Финансирање од МФК (милиони УСД):**

| *Финансиер* | *Финансирање* | *Фискална година* |
|---|---|---|
| ГТФП | 2,00 | 2012 |
| **Вкупни трошоци на проектот** | **2,00** | |




Предложениот проект соработува како партнер со Стопанска банка, водечка банка во Република Македонија и обезбедува поддршка на нејзините активности поврзани со трговските финансии. Меѓународната финансиска корпорација (МФК) поседуваше 10,8 проценти од акциите сè до излегувањето во јули 2010 година.

Проектот е дел од регионалното деловно партнерство на МФК со подружниците на Националната банка на Грција (НБГ). Тоа, исто така, е во согласност со „Заедничкиот акционен план на МФИ“, кој обезбедува поддршка на банкарските сектори во централна и источна Европа преку координирани интервенции на меѓународните финансиски институции (МФИ). Со проектот беше воспоставен трговски номинален лимит, во рамките на Глобалната програма за трговски финансии (ГТФП) за Стопанска банка во износ од 4 милиони долари, со лимит пондериран според ризикот од 2 милиони УСД за период до една година.

**Развојна цел на проектот.** Целта на проектот е да обезбеди поддршка на трговските финансиски операции на банката, како и да ја прошири мрежата на партнерски банки на ГТФП на МФК во Република Македонија, која е составена од една партнерска банка (НЛБ Тутунска) во времето на спроведувањето на инвестицијата. Во таа смисла, проектот придонесува кон проширувањето на бизнисот со трговско финансирање на банките, со што истите помалку се потпираат на поддршката од родителските банки.

**Развојното влијание на проектот се очекува да вклучува:**

- Придонес кон економскиот раст преку зголемување на финансирање достапно за меѓународна трговија;
- Подобрување на способноста на банката да обезбеди извозно финансирање и да придонесе кон растот на извозот;
- Помагање на една голема Грчка банка да ја одржи својата франшиза и да го продолжи своето работење во земјите на југоисточна Европа (ЈИЕ).

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: УНИБАНКА




**Клучни датуми:**

**Одобрен на:** јули 2013 година
**Потпишан на :** јули 2013 година

**Финансирање од МФК (милиони УСД):**

| *Финансиер* | *Финансирање* | *Фискална година* |
|---|---|---|
| ГТФП | 2,00 | 2013 |
| **Вкупни трошоци на проектот** | **2,00** | |

Универзалната инвестициона банка, основана како Балканска банка со мешан капитал од правни и физички лица од Македонија и Бугарија, беше купена, во 2003 година, од страна на сопствениците на ФИБанка, Софија, Република Бугарија, кој што е сегашен клиент на МФК. По купопродажбата, името на банката беше променето во сегашното име, Универзална инвестициона банка, во 2004 година. Банката го опслужува сегментот на мали и средни претпријатија (МСП) во земјата, со силно присуство на малопродажниот пазар и има ограничена изложеност во однос на корпорациите во Република Македонија.

Главните акционери на банката се Ивајло Мутафчиев и Цеко Минев, кои се исто така главни акционери на ФИБанка во Бугарија, која е сегашен клиент на МФК преку ГТФП, и со која се водат дискусии за линија за енергетска ефикасност во износ до 30 милиони УСД. Беше разгледана можноста за обезбедување на трговска линија за УниБанка во исто време кога беше предложена трговска линија за ФИБанка во Бугарија, на крајот од 2009 година; меѓутоа, поради прекршување на одредени важни договори, главно односот на изложеност кон отворени заеми, Тимот сметаше дека е подобро да се одложи инвестицијата додека банката не ги зголеми нивоата на резерви.

**Развојна цел на проектот.** Целите се да се поддржат операциите за трговско финансирање на УниБанка, една од банките од втор степен во Република Македонија, која опслужува клиенти од секторот МСП на пазарот. УниБанка, која е сестра банка на постоечки клиент на МФК од Бугарија претрпи негативни влијанија поради тоа што кризата значително ги зголеми трошоците на тргување. Проектот се очекува да воспостави одреден однос со УниБанка, седмата најголема банка во Република Македонија која опслужува МСП во земјата, која пак работа е ограничена поради глобалната финансиска криза. Проектот добро се вклопува во стратегијата на МФК за Република Македонија бидејќи директно придонесува кон остварување на една од главните стратешки цели односно проширувањето на пристапот кон краткорочни финансии за МСП во земјата, што претставува клуч за економскиот раст и создавањето на работни места.

**Очекуваните дополнителни резултати на МФК вклучуваат:**

- Поддршка за операциите за трговско финансирање на УниБанка, бидејќи без поддршката од страна на силен мултинационален субјект, УниБанка се соочува со ограничен пристап до линии обезбедени од страна на меѓународни банки;
- Поддршка за клиенти од реалниот сектор во Република Македонија, кои се потпираат на трговското финансирање за спроведување на нивните потфати и кои претрпеле негативни влијанија од зголемувањето на трошоците и недостапноста на линии.

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ЕВН 2

**Клучни датуми:**

**Одобрен на:** јануари 2012 година
**Потпишан на :** февруари 2012 година

**Финансирање од МФК (милиони УСД):**

| *Финансиер* | *Финансирање* | *Фискална година* |
|---|---|---|
| Заем | 3,50 | 2012 |
| **Вкупни трошоци на проектот** | **3,50** | |

ЕВН Македонија АД („Компанијата“) е единствената компанија за дистрибуција на електрична енергија во Република Македонија и опслужува 812.000 потрошувачи и население од 2 милиони луѓе. По расчленувањето на претпријатието во државна сопственост на посебни компании за производство, пренос и дистрибуција, компанијата беше приватизирана во март 2006 година, со тоа што 90 проценти од нејзините акции се продадоа на ЕВН АГ за сума од 225 милиони евра. Десет проценти од акциите на компанијата останаа кај Владата. Неповолните макроекономски услови во земјата негативно влијаат врз финансиските резултати на Компанијата со намалување на приходите и високи загуби во мрежата. Како последица на тоа, Компанијата и понатаму бележи загуби. ЕВН АГ („Спонзорот“) е втората најголема интегрирана компанија за комунални услуги во Австрија, која обезбедува електрична енергија, гас, затоплување, водоснабдување, и услуги за согорување на отпад во Австрија и 20 други земји во централна и источна Европа. ЕВН АГ беше делумно приватизирана во 1990 година и во моментов е во сопственост, со 51 проценти, на областа долна Австрија и 49 проценти на други комунални претпријатија и акционери. ЕВН АГ котира на берзите во Виена, Минхен и Франкфурт со пазарна капитализација од приближно 2 милијарди евра, со состојба од 26 февруари 2013 година.

**Развојна цел на проектот.** Очекуваните развојни влијанија на проектот се: (а) поддржување на Компанијата во текот на дерегулацијата на електроенергетскиот сектор со обезбедување на долгорочно финансирање, (б) продолжување на поддршката на ЕВН во спроведување на стратегијата за менување на насоката која во основа се фокусира на зголемување на стапката на наплата на сметките и намалување на енергетските загуби, што ќе доведе до значителни заштеди на електрична енергија во Република Македонија, и (в) промовирање на соодветни секторски реформи и развој на конкурентски пазар на електрична енергија во земјата.

**Очекуваните дополнителни резултати на МФК вклучуваат :**

- Обезбедување на финансирање на долгот со соодветен рок на доспевање бидејќи долгорочното финансирање не е достапно на пазарот во Македонија;
- Да му се помогне на спонзорот во менувањето на насоката на Компанијата;
- Донесување на глобалното искуство на МФК во однос на финансирање на проекти за дистрибуција на електрична енергија на пазарите кои се во фаза на дерегулација;
- Ублажување на регулаторниот ризик со оглед на ограниченото работење на регулаторот (РКЕ) и новата регулаторна рамка која се воведува;
- Продолжување со обезбедувањето на „одобрување“ во однос на акциониот план на Компанијата за животна средина и социјални аспекти, во согласност со барањата на групацијата Светска банка (ГСБ).

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ОХРИДСКА БАНКА

**Клучни датуми:**

**Одобрен на:** март 2012 година
**Потпишан на :** јули 2012 година

**Финансирање од МФК (милиони УСД):**

| *Финансиер* | *Финансирање* | *Фискална година* |
|---|---|---|
| ГТФП | 20,00 | 2012 |
| **Вкупни трошоци на проектот** | **20,00** | |




**Проектот** е составен дел на акциониот план на Сосиете Женерал МФИ за централна и источна Европа (ЦИЕ) (МФК/Р2010-0137), кој треба да помогне во проширувањето на програмите за обезбедување на заеми на супсидијарите на Сосиете Женерал („СоцЖен“) во земјите на ЦИЕ, примарно со цел да се пенетрираат различни економски сектори како што е агробизнисот, климатските промени и малите и средни претпријатија (МСП). Освен тоа, овој план е во согласност со стратегијата на групацијата Светска банка (ГСБ) за зајакнување на финансискиот сектор во овој регион. Неопходни се силни, транспарентни и координирани активности од страна на родителските банки и меѓународните финансиски институции (МФИ) за да се минимизираат економските ранливости во банкарскиот сектор во ЦИЕ. Овие активности ќе ги надоместат негативните активности предизвикани од стегнување на економијата, намалените инвестиции и приливите на странски директни инвестиции (СДИ), и намаленото обезбедување на кредити на приватниот сектор, што го попречува растот на МСП и доведува до губење на работни места. Освен тоа, стратегијата на МФК е да воспостави рамнотежа помеѓу алокацијата на финансиите побарани од страна на западноевропските банки за нивните супсидијари во различните земји во регионот, со оглед на значителното зголемување на побарувачката за таков вид финансирање.

**Развојна цел на проектот.** Проектот уште повеќе ќе го прошири давањето на заеми во Република Македонија преку финансирање на пакет во износ од 20 милиони евра во вид на заеми со приоритетно право на побарување и обични заеми дадени на Охридска Банка АД Охрид („Охридска Банка“), супсидијар на СоцЖен и една од најстабилните банки во земјата, чии удел на пазарот е 7,6 проценти во смисла на вкупни средства. Првиот дел на проектот е ангажиран и исплатен во вид на приоритетен заем во износ од 10 милиони евра. Банката побара од МФК да го претвори неангажираниот дел од инструментот, кој беше одобрен или како обичен заем или како приоритетен заем за користење за МСП (10 милиони евра) во приоритетен заем кој треба да се употреби за продукти од областа на обновливи енергии/енергетска ефикасност (ОЕ/ЕЕ); преговорите се сè уште во тек. Проектот исто така ќе ѝ овозможи на Охридска банка да искористи нови извори на финансирање, со оглед на тоа меѓународното финансирање е недоволно поради влошувањето на економијата во Европа. Силно поврзана со регионалните цели на МФК, оваа инвестиција директно ќе го зголеми пристапот до финансии за МСП, кои претставуваат клучен фактор за економски раст и создавање на работни места.

**Очекуваните дополнителни резултати на МФК вклучуваат :**

- МФК ќе обезбеди долгорочно финансирање на Охридска банка, бидејќи долгорочните финансиски резултати се сè помалку достапни, особено во гранични пазари како што е Република Македонија. Ангажманот на МФК е од критично значење за дополнување на СоцЖен, родителската компанија, која сега се соочува со неповолни пазарни услови, што би ја попречило натамошната поддршка на нејзините подружници. Според тоа МФК ќе ѝ помогне на Охридска банка во диверзификацијата на изворите на финансирање и во поддршката на клиентите од реалниот сектор во Република Македонија, кои се потпираат на трговско финансирање во нивното работење и се неповолно погодени поради зголемувањето на трошоците и недостапноста на кредитни линии.
- МФК треба да ги зголеми заемите кои Охридска банка ги дава на МСП, кои играат клучна улога како во економскиот раст, така и во создавањето на работни места.
- Зголемен пристап до финансии: Проектот ќе придонесе кон економскиот раст во Република Македонија преку зголемување на пристапот до финансии за МСП – витален економски сегмент – преку добро управувана локална банка поддржана од страна на меѓународен стратешки инвеститор.
- Долги рокови на доспевање и подобрена капитализација: Проектот ќе ѝ помогне на Охридска банка поефективно да управува со средствата на банката и нејзините обврски со тоа што ќе обезбеди подолги рокови, кои инаку не би можеле да се добијат; обичниот долг, квалификуван за капитал од втор степен, потоа ќе го зајакне капиталот на банката за поткрепа на предвидениот иден раст.
- Показен ефект: Како супсидијар на СоцЖен, од Охридска банка се очекува да покаже дека ги применува најдобрите пракси на пазарот во клучни области, т.е. кредитни политики, управување со ризик, и социјални системи и системи на животна средина.

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: НЛБ ТУТУНСКА БАНКА

**Клучни датуми :**

**Одобрен на:** декември 2009 година
**Потпишан на:** јануари 2010 година

**Финансирање од МФК (милиони УСД):**

| *Финансиер* | *Финансирање* | *Фискална година* |
|---|---|---|
| Заем | 33,00 | 2010 |
| **Вкупни трошоци на проектот** | **33,00** | |




**Проектот** е еден елемент оф низата кредитни инструменти на групацијата НЛБ, регионална групација за финансиски услуги во сопственост и под контрола на својата родителска компанија, Нова Љубљанска банка дд („НЛБ“), базирана во Љубљана, Словенија. Инструментот е осмислен да обезбеди подолгорочно финансирање на субсидијарите на групацијата НЛБ за поддршка на мали и средни претпријатија (МСП). Проектот се состои од кредитна линија за финансирање на МСП во износ до најмногу 25 милиони ЕУР за НЛБ Тутунска банка АД Скопје („Тутунска“), третата најголема банка со сè поголемо присуство во секторите на малопродажно, корпоративно банкарство и давање заеми на МСП. Проектот ќе ѝ овозможи на Тутунска да користи нов извор на финансирање во период кога меѓународните извори на финансии за македонските банки пресушуваат поради влијанието на глобалната финансиска криза, а исто така ќе му помогне на македонскиот сектор на МСП, кој придонесува со околу 90 проценти во економскиот резултат на земјата, во период на економски тешкотии.

**Развојна цел на проектот.** Со поддршка на активностите на банката и лизинг компанијата поврзани со давање на заеми на МСП на пазар каде односот помеѓу кредитите на приватниот сектор/БДП е на значително пониско ниво во споредба од ЕУ, МФК ќе придонесе за проширување на пристапот на времени финансии и ќе ги поддржи капиталните инвестициски планови на МСП. Успешното спроведување на проектот ќе им помогне на искусните локални спонзори да растат понатаму како регионални играчи и ќе овозможи трансфер на капитал и модерни банкарски практики од Словенија во помалку развиените пазари во регионот. Исто така ќе поддржи и системска банка во однос на давање на заеми на секторот за МСП, што е од круцијално значење за создавање на нови работни места.

**Очекуваните дополнителни резултати на МФК вклучуваат :**

- **Поддршка за време на кризата**: Со давањето на финансии на банката, МФК придонесува да се одржат активностите на Тутунска поврзани со давањето на заеми и делува како контра тежа во отсуство на финансирање од приватниот сектор. Без проектот, банката најверојатно ќе треба да ги намали своите активности поврзани со давањето на заеми и да го намали својот биланс на состојба како што ќе доспева постоечкото финансирање.
- **Подолгорочно финансирање**: МФК обезбедува подолгорочно финансирање кое Тутунска банка потешко би го обезбедила од приватниот сектор, особено на пазари во развој каков што е пазарот во република Македонија. Ова е релевантно во контекст на глобалната криза која влијае врз состојбата на европските банки и нивните подружници да обезбедат долгорочно финансирање.
- **Долгорочно партнерство**: Низ проектот, МФК гради долгорочно стратешко партнерство со НЛБ и банката, што пак ќе обезбеди платформа за МФК за преземање на други активности во регионот. НЛБ е еден од клучните регионални играчи и ваквото партнерство ќе ѝ овозможи на МФК да продре подлабоко во помалите пазари во регионот, како во случајот со овој проект.
- **Пристап до финансии**: Со инвестицијата се дава поддршка на активностите на групацијата НЛБ и банката поврзани со давање на заеми на МСП во релативно неразвиен пазар каково што е пазарот во Република Македонија. МФК придонесува за зголемувањето на пристапот на времени финансии и поддршка на капиталните инвестициски планови на МСП. Секторот на МСП е важен двигател на македонската економија, кој сè уште нуди привлечни можности за раст.